Битка за зелен појас во Кочани: Жителите со „жив ѕид“ ќе ги бранат парцелите, сакаат парк, а не згради

Наместо парк, згради за домување. Предвидени четири, па потоа, под притисок на граѓаните, сведени на две. Но, никако да се избришат од Деталниот урбанистички план (ДУП) и површината да се искористи за јавно добро.

Ваква е засега ситуацијата во Кочани, во однос на градската четврт (ГЧ) 13. Револтирани, жителите од населбата „Зелен појас“ и активистите будно го следат секој чекор на Општината. Подготвени се, велат, со „жив ѕид“ да ги бранат парцелите.

ДУП-от за ГЧ 13 е сè уште во фаза на изработка, а предлог-планот ќе претрпи измени по разгледувањето на поднесените анкетни листови, по што ќе следи и нова јавна презентација. Тоа е последната информација од Општина Кочани.

-Просторот беше наменет за јавно добро, а сега е пренаменет во згради за домување. Фактички, одземени се парцели на граѓани од Општина Кочани, наводно за јавно добро. И сега, земјиштето е пренаменето во приватни згради за домување. Последниот пат кога бевме присутни на презентацијата на ДУП-от за ГЧ 13, беше речено дека таму се веќе „ставени“ згради за домување, без консултација со граѓаните. Всушност, некој сам одлучил дека таму ќе има згради. Но, тоа нема да помине. Ние се организиравме и пополнивме околу 500 анкетни листови во кои децидно кажавме дека не сакаме згради, туку парк, зашто навистина Кочани нема доволно зелени површини, истакнува Ана Симонова, активист од „Грин ОРГ“.

Не сакаме „соломонско решение“, туку парк - единствен спас анкетните листови

Според неа, единствениот „спас“ се анкетните листови.

- Сега, наводно, Општината бара соломонско решение, па наместо четири, ќе ставела две згради, а останатото ќе било парк. Но, ние со тоа не се согласуваме и нема да отстапиме. Сакаме парк и остануваме на тој став како жители на Кочани и активисти. Сметаме дека не треба да има соломонско решение. Во анкетните листови јасно пишува што сакаме - дека сакаме парк. Немаме друг спас, освен анкетните листови. Тие кажуваат што сака граѓанството.

Подготвени сме, ако треба, да ги браниме површината со „жив ѕид“. Нема да дозволиме згради, децидна е Симонова.

Моментно, додава, анкетните листови се на разгледување во Општината.



-Тие 500 анкетни листови се на разгледување кај нив. По тие анкетни листови, законски е да ги тргнат градите. Меѓутоа, урбанистот во Општина Кочани вели – „ќе бараме соломонско решение, четири згради нема да има, ќе има две згради“, Инаку, постапката не почнува со „дали вие сакате да правиме таков ДУП“, туку со „ние ќе правиме“ – „еве го ДУП-от, ние предлагаме ваков ДУП да се прави“, нагласува Ана.


„Денес ние ќе гласаме за вашата точка, утре вие за нашата - ќе поминат двете“

Активистката е скептична во однос на гласовите на советниците кои ќе треба да се изјаснат за ДУП-от. Потенцира дека најчесто гласањето е по принципот „на ти го - дај ми го“.

-Претходниот состав на Советот, изгласа против изградбата на згради, но тоа не беше ставено како точка на дневен ред. Всушност, во записникот не постои заклучок за вонредно дадена предлог точка по која е гласано. Нема заклучок против згради во самиот извештај и тоа го прави целото гласање невалидно. Сега е сменета поставата на советници. Новите спветници можат комотно да си кренат два прста и да си поддржат изградба на две згради. Независно кои советници е мнозинство, од која партија, знаете како си ги даваат гласовите. „Сега ние ќе гласаме за вашата точка, утре вие ќе гласате за нашата - нашата ќе помине и вашата ќе помине“. Тој е принципот – „на ти го - дај ми го“, нели?, напоменува Симонова.

Инфраструктурни проблеми и недостиг на вода

Аргумент плус против изградбата на згради, додава, е и тоа што овој дел од градот кубури со вода за пиење, особено во летниот период, а проблем е и отпадот.



- Уште една работа сакам да кажам што е многу битна за овој случај. Ги разгледував сите документи за изградбата на зградите – никаде нема позитивно мислење од јавното претпријатие „Водовод“. Мрежната поставеност на цевките и капацитетот на „Водовод“ не можат да поддржат нови станбени објекти во тој реон и толкав број жители. Тоа беше укажано на седница на Советот на Општината. Не само што директорот и вработените во „Водовод“ велат дека нема услови поради недостиг на вода, туку и ние сме сведоци како жители на таа населба дека се соочуваме со недостиг на вода. Таму нема вода во голем дел од летниот период зашто веќе се е пренатрупано со згради. Плус, имаме и повеќе диви депонии. Надлежните не можат да се справат ниту со комуналниот отпад од постојните згради. Прво за тоа треба да најдат решение, па потоа за овие што планираат да ги градат. Значи, ионака е тој дел е веќе пренаселен и сега сакаат уште да градат, а немаме вода. Тоа ни е најреалниот проблем моментално во Кочани, посочува активистката.

Таа е децидна дека ДУП-от исклучително будно ќе се следи.

Имотно-правни сомнежи и судски битки

Случајот ја отвора и долгогодишната болка околу сопственоста на земјиштето. Семејството Гацови, кое поседува значаен дел од овие површини, тврди дека имотот им бил одземен без соодветна експропријација и паричен надоместок.

Како што вели Ана, и сопствениците од кои е одземен имотот кај што се планираат зградите, сакаат парк. За тоа би го дале земјиштето. Планираат да покренат тужба како последен чекор ако остане планот за изградба на згради. Дури да е и само една, планираат да бараат поврат на земјиштето кое им било одземено за јавно добро, а не за колективно домување.

-Ние таму имаме околу 4.000 квадрати, простор кој до 2004 година беше наша сопственост. По 2004-та ни е земен на криминоген начин, со тројца сведоци, без никакви докази и документи. Имаме шест правосилни управни пресуди во наша корист, дека тоа треба да си биде наше. Имаме и имотен лист во катастар, целосно се води дека земјиштето е наше, вели Љубомир Бубо Гацов, жител на Кочани и сопственик на дел од спорната парцела.

Тој тврди дека експропријацијата не е извршена.

-Ниту експропријација е извршена, ни ништо. Едноставно, се договараат и го одземаат земјиштето на таен начин. Уште постапката не е завршена во делот на имотно-правните односи, управната постапка. Ниту ние имаме документ, ниту тие имаат. И претходниот Совет сакаше тоа да го направи, ама прекина кога еден од советниците рече дека сопственоста не е решена. Тие велат дека земјиштето е законски префрлено на Република Македонија, на Општина Кочани на користење, но не е така. Инаку, документите се секогаш на наша страна. Ги имаме. И затоа таму, до ден денес, не е уште ништо направено. Тоа е убаво место, досега сите ќе го лапнеа. Сега наследници сме јас и брат ми. Земјиштето е на дедо ми, тој има повеќе деца, но татко ми ја водеше целата постапка. И секогаш кога случајот требаше да дојде до завршна фаза, да се реши, тие повторно го враќаат на почетокот. Управен суд повторно пресуди во наша корист, и се така. И Виш управен суд. И цело време се вртиме во круг, напоменува Гацов.

И Гацов, како останатите жители, смета дека на таа површина треба да има парк.

-Јас сум на тој став, таму да си биде зелен појас. Четири декари или околу две третини од земјиштето тука е наше, на Гацови. Целата работа е, всушност, ако се прави нешто, да биде за колективно, општо добро. Тука некогаш требало да

биде училиште, ми кажуваше татко ми. Но, училиштето е направено тука, до нашата гимназија, подвлекува Бубо.

Според него, гласот на граѓаните во споредба со гласот на мафијата е многу мал.

- Градската мафија е страшна работа, таму каде што играат парите. Не само во Кочани, туку и во Скопје и во цела Македонија е така, вели Бубо.

Општина Кочани: ДУП за ГЧ 13 ќе претрпи измени согласно мислењата на надлежните институции, јавните анкети и презентации

Се обидовме да добиеме став и од Општина Кочани. Прашавме: Дали со ДУП-от е предвидена изградба на згради и ако да, колку? За колкава површина се работи, во чија сопственост е и дали е завршена управна постапка во делот на имотно-правните односи? Дали Општината ги зема предвид несогласувањата на жителите и нивното барање на таа површина да има парк? Дали Општината има добиено позитивно мислење од „Водовод“ за евентуалната изградба на згради, со оглед на предупредувањето од претпријатието дека во тој дел нема или нема да има доволно вода и До каде е разгледувањето на анкетните листови поднесени од граѓаните.



Општината кусо одговори:

Деталниот урбанистички план за ГЧ 13 е во фаза на изработка, односно истиот не е донесен и не е на сила. Во опфатот на ДУП за ГЧ 13 моментално се важечки други урбанистички планови и истите се спроведуваат. Фазата на изработка значи дека истиот ќе претрпи измени, согласно спроведените јавни анкети и јавни презентации како и мислења од надлежни институции.

По постапување на поднесените анкетни листови, ќе се спроведе повторна јавна презентација и јавна анкета, каде јавно ќе биде изложено ново предлог решение за кое повторно ќе може да се поднасат анкетни листови. Предлог планот за ДУП за ГЧ 13 кое беше изложено на последната јавна анкета е јавно достапен на старата општинската веб страна.

„Грин ОРГ“ - Нема да дозволиме никаква градба

Активистите не се откажуваат. Го чекаат новиот нацрт-ДУП, по кој, велат, повторно ќе поднесат анкетни листови. Се сомневаат дека зад целиот случј стои нечиј личен профит или профит на Општината (која ги собира комуналиите).

-Ќе ни дадат предлог да се градат две згради, наместо четири. Ние повторно ќе одиме на презентација и повторно ќе поднесеме анкетни листови дека не сакаме згради. Тоа планираме да го правиме, најави Симонова.

Жителите и активистите од здружението „Грин ОРГ“ се децидни: нема да дозволат никаква градба.

Оваа содржина е изработена со финансиска поддршка од Agence Française de Développement (AFD) и
Expertise France во рамки на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“ имплементиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во партнерство со Центарот за правни истражувања и анализи, Здружение за одржлив развој Милеуконтакт Македонија и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за

еколошка демократија. Содржината е единствена одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France.